ООУ" *Војдан Чернодрински" - Карпош, Скопје* ул "Дрезденска" бр.3

тел. 3066610 mail:vodancernodrinski@yahoo.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ
Бр. 03 - 781/4
04.02. 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 108 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20 и 3/25) и член 33 од Статутот на ООУ „Војдан Чернодрински" во Скопје (број 01-115/4 од 24.04.2019 ), училишниот одбор на ООУ „Војдан Чернодрински" во Скопје на седницата одржана на 4.2.2025 година донесе измени и дополнувања на Правилникот за изрекување педагошки мерки на учениците (бр 02-55/7 од 25.02.2022)

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ ПЕДАГОШКИ МЕРКИ НА УЧЕНИЦИТЕ
**(пречистен текст)**

## Член 1

Со оценката на поведение е опфатен односот на ученикот во образовниот процес, почитување на правилата во Училиштето и заедницата на паралелката, односот кон соучениците, наставниците, училишниот имот и други вредности.

## Член 2

Поведението на учениците се оценува со: примерно, добро и незадоволително.

Со **примерно поведение** се оценува ученик кој:

- редовно ја посетува наставата;
- покажува позитивни резултати во учењето;
- го почитува Кодексот на однесување на учениците.

Со **добро поведение** се оценува ученик кој:

- нередовно посетува настава и има направено 20 неоправдани отсуства од час,
- има направено други повреди во однос на прекршување на Кодексите на Училиштето (по добиена мерка укор од Одделенски совет и директор).

Со **незадоволително поведение** се оценува ученик кој:

- нередовно посетува настава и има направено 31 неоправдан изостанок од час или
- има направено потешки повреди во однос на прекршување на Кодексите на Училиштето и изречена педагошка мерка од Наставнички совет или директор.

За ученици кои не ги извршуваат должностите и ги повредуваат правилата на воспитно-образовната работа во Училиштето се предвидени педагошки мерки.

## Член 3

Педагошките мерки на учениците се применуваат за следните случаи:

- Нередовно посетување на наставата: доцнење, бегање, континуирано непосетување на наставата;

- Нарушување на правилата во однесување кон другите ученици: вербални навреди, физички напад, примена на секаков вид насилство од страна на поединец или група кон ученик или група ученици, уништување на прибор, одземање на финансиски средства; сликање со мобилни телефони;

- Нарушување на правилата во однесување кон наставници и останатите вработени во Училиштето: вербални навреди, физички напад, сликање со мобилни телефони, непочитување, исмевање итн.;

- Неправилен однос кон училишниот имот: оштета на училишниот инвентар: клупи, ѕидови, прозори, штекери, компјутери, нагледни средства, прекинувачи на електрична енергија, шкртање, фрлање на отпад, оштетување или отуѓување на ИКТ технологија;

Попречување на воспитно-образовната работа во паралелката и училиштето, движење по ходниците за време на наставата, користење (злоупотреба)на мобилни телефони за време на наставата и друго.

**Член 4**

Пред изрекување на секоја педагошка мерка, претходи разговор со ученикот, родителот или старателот на ученикот. Разговорот најпрво е должен да го води одделенскиот раководител на ученикот.

**Член 5**

Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат следниве педагошки мерки:

- усна опомена,
- писмена опомена,
- укор,
- преместување на ученикот во друга паралелка и
- намалување на поведението.

Истовремено со изрекување на педагошките мерки од ставот (1) на овој член, директорот на училиштето формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот. Тимот за поддршка е составен од двајца претставници од редот на стручните соработници и еден наставник. Училиштето може да повика и трети лица, (социјален работник) да учествуваат во тимот за поддршка.

Начинот на изрекување на педагошките мерки го пропишува министерот, на предлог на Бирото за развој на образованието.

**Член 6**

На учениците од прво до петто одделение се изрекуваат педагошки мерки од точките 1 и 2 од член 5 став 1 од овој Правилник и нив ги изрекува одделенскиот наставник на паралелката.

**Член 7**

Доколку има потреба (нередовно посетување на наставата, намален успех и несоодветно однесување) се врши советување на родителите, односно старателите согласно членовите 76, 77 и 78 од Законот за основното образование.

**Член 8**

На учениците од шесто до деветто одделение педагошките мерки им ги изрекуваат:

1. Усна опомена - раководител на паралелката;
2. Писмена опомена - раководител на паралелка;
3. Укор - раководител на паралелка, Одделенскиот совет, Наставничкиот совет или директорот на училиштето;
4. Преместување на ученик во друга паралелка - Одделенскиот совет, Наставничкиот совет или директорот на училиштето;
5. Намалување на поведението - Одделенскиот совет, Наставничкиот совет или директорот на училиштето.

**Член 9**

Во случај на недисциплина, попречување на наставниот процес (на пример, постојано зборување на час и друго) се изрекува усна опомена од раководител на паралелката.

Во случај на организирано бегање од часови од страна на едно одделение се изрекува педагошка мерка писмена опомена од раководител на паралелка.

Доколку на истото одделение му се случи истиот настан, педагошките мерки продолжуваат во континуитет, последователно.

Ако некои од учениците кои учат во тоа одделение, претходно имаат добиено некоја педагошка мерка, кај нив ќе биде запишана следната педагошка мерка.

Педагошка мерка се прескокнува во зависност од повредата на правилата на воспитно-образовната работа во Училиштето. За оваа педагошка мерка одлучува Наставнички совет или директор.

**Член 10**

За секоја изречена педагошка мерка се известува ученикот, неговиот родител или старател.

За изречените педагошки мерки, родителот има право да поднесе приговор до Наставничкиот совет или Училишниот одбор во рок од 7 дена од денот на известувањето за изречената педагошка мерка.

**Член 11**

Изречените педагошки мерки се евидентираат во соодветна педагошка документација, а евиденцијата ја врши стручниот соработник во училиштето.

**Член 12**

Изречените педагошки мерки од член 5 од овој Правилник важат најдолго до крајот на учебната година во која се изречени.

Кога ќе настанат позитивни промени кај ученикот, изречената педагошка мерка се укинува.

**Член 13**

Секое изостанување или задоцнување на ученикот на наставен час се регистрира како оправдан или неоправдан изостанок во одделенскиот дневник.

Секој ученик кој оправдано ќе задоцни на наставен час смее да присуствува на истиот со образложение за задоцнувањето.

Неоправдано задоцнување нема да се толелира и истото се санкционира согласно одредбите на овој Правилник.

За неоправдан изостанок се смета секое намерно доцнење на час, бегање, или неоправдување од страна на родител.

**Член 14**

Доколку ученикот од оправдани причини не присуствувал на еден час или неколку часови во текот на еден учебен ден со оправдување од страна на наставникот кој го ангажирал, родител или одделенски раководител, му се заведува оправдан изостанок.

**Член 15**

Родителот е должен за секое изостанување на ученикот од наставата да го извести одделенскиот раководител на ученикот. Известувањето треба да го направи благовремено или истиот ден кога ученикот е отсутен од настава.

**Член 16**

За повеќе од три дена отсуство родителот/ старателот е должен да достави и лекарска белешка. Причината за изостанувањето со лекарска белешка може да се регулира најдоцна во рок од 7 дена од денот на изостанувањето.

**Член 17**

Изостаноците на ученикот ги регулира (оправдува или не ги оправдува), раководителот на паралелката.

**Член 18**

Отсуството на ученик до три дена од оправдани причини (учество на натпревари, приредби од државно значење и др.) го одобрува директорот на училиштето по однапред добиено мислење од одделенскиот раководител, родителот или старателот на ученикот и одговорен наставник.

**Член 19**

За отсуство од настава од оправдани причини за повеќе денови (не подолго од 30 дена) родителот/ старателот на ученикот до директорот на училиштето доставува писмено барање со соодветно образложение.

**Член 20**

Наставничкиот совет го разгледува писменото барање, ја оценува причината и дава мислење до директорот на училиштето, а одлука донесува Директорот.

**Член 21**

Ако ученикот е отсутен повеќе денови од наставата, а истиот е на боледување или болничко лекување, родителот/ старателот на ученикот е должен во најкраток временски рок да го запознае раководителот на паралелката.

**Член 22**

За неоправдано изоставување на ученикот од наставата се изрекуваат следните педагошки мерки:

- усна опомена од одделенски раководител за пет до седум неоправдани изостаноци;
- писмена опомена од одделенски раководител за осум до 15 неоправдани изостаноци;
- укор од Одделенски совет за 16-20 неоправдани изостаноци;
- намалено поведение на добро поведение за 21-25 неоправдани изостаноци;
- префрлување во друга паралелка за 26-30 неоправдани изостаноци;
- незадоволително поведение за над 31 неоправдан изостанок.

**Член 23**

Ученикот кој од било кои причини континуирано не ја следи редовната настава (една третина од наставните часови), а нема елементи за изведување годишна оцена, полага одделенски испит на годината. Оправданоста за причините ја оценува Наставничкиот совет.

**Член 24**

Раководителот на паралелката, на секои пет направени неоправдани изостаноци од страна на ученикот, е должен да го извести родителот/старателот.

Раководителот на паралелката е должен однапред да го извести ученикот и неговиот родител или старател со Одлука на Наставничкиот совет дека ученикот ќе полага одделенски испит на годината по одделни наставни предмети или сите наставни предмети.

**Член 25**

Во Училиштето се забранува секаков вид насилство врз ученик направено од друг ученик.

**Член 26**

На ученик кој сторил насилство врз друг ученик му се изрекува педагошка мерка и Училиштето постапува согласно член 66 од Законот за основно образование.

**Член 27**

Покрај педагошката мерка, директорот на Училиштето го пријавува ученикот кој физички нападнал друг ученик во Министерството за внатрешни работи и Центарот за социјални работи.

По констатираната штета, Училиштето ја утврдува висината на направената штета по книговодствена евиденција и изготвува Решение потпишано од директорот кое го испраќа до родителот со кое истиот се повикува да ја надомести во рок од 7 дена.

Висината на надоместокот се утврдува согласно со:

- книговодствената вредност на оштетениот инвентар;
- цената на чинење на услугата на одреден економски оператор;
- проценка направена од страна на стручно лице, специјализиран орган или установа.

**Член 37**

Уплатените средства се користат строго наменски за набавка или отстранување на констатираните состојби во извештајот на комисијата.

**Член 38**

Ученикот/ учениците кои извршиле оштетување на училишниот имот, покрај финансискиот надоместок ќе добијат и педагошка мерка во зависност од направената штета. Одлуката за педагошката мерка ја носи Наставничкиот совет.

**Член 39**

За евентуален спор надлежен е Основниот Граѓански Суд во Скопје.

**Член 41**

Овој Правилник влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави на огласната табла во Училиштето.

Скопје, 4.2.2025 година

Директор

Верица Неткова Пројчева